

ИЗЛОЖБЕН САЛОН НА ЦЕНТАРОТ
20. XII. — 7. I. 1974 ГОДИНА

ЦЕНТАР
ЗА КУЛТУРА
И ИНФОРМАЦИИ
НА ГРАД
СКОПЈЕ
— СКОПЈЕ

# МИЛОШ
# КОЏОМАН

Милош Коџоман — сликар

Роден на 22 X 1952 година во Скопје

Завршил училиште за применета уметност.

Сега е студент втора година на Педагошка академија ликовна група.

Адреса: Милош Коџоман
ул. Раде Кончар број 5 — Скопје
Телефон: 21-828

Настапот на Милош Коџоман е невообичаен и по многу нешта изненадувачки деби.

Наместо лирика, вообичаена за младиот човек, се соочуваме со груба проза, со евидентна идеја и единствена идеја и единствена порака.

Темата е порокот. Појава, грозоморна, појава која ја суспендира и деградира егзистенцијата, ја обезличува личноста.

Од секој експонат се чувствува бегањето од самиот себе, се слушаат гласови на очај, гласови на исчезнување. Прикажани се суштества без душа. Тоа, би рекле, се откинати убави плодови кои во нелегалниол допир со опиумот ја изгубија својата содржина и облик и станаа нешто празно, без цел, без желба и се чувствуваат како психофизчки урнатини, изгубени во времето и во просторот.

Погледнете ги очите во скликите. Тоа не се очи на страв и ужас, туку се очи на скаменета празнина, кои веќе не чувствуваат во никакво збиднување, ниту во просторот ниту пак во безпросторот, ниту во смртта, ниту во животот, ниту во создавањето, ниту пак во несоздавањето, очи кои немаат удел во ништо, очи во кои не постои почеток и крај, издвоени од се што постои, очи во исчекување на последниот миг од времето.

Во „Кво вадис ЏАНКИ", во „Патот на беспатието", во „Кола со афион" и во други, младиот Коџоман прикажал суштества без желба за живот и луѓе без секакви чувства.

Кој ќе ги прифати нив? Има ли надеж за овие губавци?

Ќе бидат ли излекувани и повратени во живот? Ќе бидат ли и натаму асоцијални елементи во една социјална средина?

Експонатите пооделно и сите заедно се доживуваат како тешка мора. Тие се опомена, протест и порака до секого и до сите. Тие се повик и напор за ослободување од робувањето на порокот, за враќање во животот, за враќање кон љубовта, за враќање кон создавањето.

Во експонатите најнепосредно ја чувствуваме и ја доживуваме симбозата меѓу уметничкото и наративното. Младиот Коџоман извонредно успешно ја презентира драмата на дистанцирањето, на изгубеноста и на самотијата на човекот наркоман. Тоа е предадено со еден специфичен контекс на реализам со реални елементи вградени во надреални рамки. Во експонатите не се кријат никакви загатки. Тие се реални, вистинити . . .

Живко Василевски



| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Охрид во опиумска свест | масло на платно | 100 x 81 | 72 |
| 2. Пушач на хашиш | масло на лесонит | 62,3 x 45 | 70 |
| 3. Грешна колона | масло на платно | 92 x 73 | 70 |
| 4. Остаток од порокот | масло на лесонит | 80 x 61 | 71 |
| 5. Еден фикс еден здив | масло на лесонид | 91 x 48,5 | 71 |
| 6. Скапо платена круна | масло на платно | 87 x 70 | 73 |
| 7. Систем морфиум | масло на иверица | 49 x 70 | 70 |
| 8. Quo vavis џанки | масло на платно | 69,5 x 86 | 71 |
| 9. Опиумска глад | масло на платно | 100 x 81 | 71 |
| 10. Паника во алеј. на афион. | масло на платно | 129 x 98 | 73 |
| 11. Караван на смртта | масло на платно | 127 x 103 | 73 |
| 12. Кола со афион | масло на платно | 130 x 97 | 73 |
| 13. Патување со LSD | креони | 84 x 60 | 70 |
| 14. Лула на спокојот | креони | 59,7 x 84,3 | 70 |
| 15. 41-от и 42-от маченик | масло на лесонит | 80 x 61 | 71 |
| 16. Безимена | креони | 107 x 96 | 70 |
| 17. Несакана гостинка | масло на платно | 59,5 x 84 | 73 |
| 18. По патот на безпатието | масло на платно | | |
| 19. Глава која халуцинира | креони | 71 x 50 | 73 |
| 20. Диалог | креони | 74 x 54 | 73 |
| 21. Организми | креони | 50 x 70 | 73 |
| 22. Глави | креони | 52 x 56,5 | 73 |
| 23. Inmemoriam | | | 73 |


1973







Изложбата се организира по повод одржувањето на симпозиумите:

Проблемите на наркоманијата и проблемите на алкохолизмот во СРМ

Организатор:
Болница за нервни и душевни болести — Бардовци